РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-591/13
10.08.2021 год.
Валандово

# ЗАПИСНИК

## Од спроведениот Јавен повик за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Валандово

Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Валандово, во согласност со членот 17 ст.1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РМ" бр. 10/20) и член 43-б став 2 од Статутот на Општина Валандово, на ден 29.07.2021 година распиша Јавен повик за членство / учество во Локално собрание на млади на Општина Валандово кој беше објавен на Општинската официјална Веб страна, на општинските страни на социјалните мрежи и на страната на „Радио Валандово". Рокот за номинирање на делегати/ки и заменик делегати/ки беше со времетраење од 8 (осум) денови од денот на објавувањето и траеше заклучно со 06.08.2021 година. Со повикот беа повикани сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои реализираат активности на територијата на општина Валандово и имаа можност да номинираат свои претставници, делегат/ка и заменик делегат/ка, во Локалното собрание на млади.

Заклучно со 06.08.2021 година, до Службеникот за млади на Општина Валандово, пристигнаа 5 (пет) пријави за номинирање на делегати/ки и заменик делегати/ки во Локалното собрание на млади на Општина Валандово и тоа:

- Одлука – номинација бр.09-591/8 од 06.08.2021 година од Здружение за климатска и социјална правда „Колектив Зет" Скопје каде што за претставници се номинирани Софија Гетова како делегатка и Гоги Тунгелов како заменик делегат,
- Одлука – номинација бр.09-591/9 од 06.08.2021 година од Здружение „Еко Правда" Валандово каде што за претставници се номинирани Драган Митев како делегат и Бојан Николов како заменик делегат,
- Одлука – номинација бр.09-591/10 од 06.08.2021 година од политички подмладок Социјалдемократска младина на Македонија (СДММ) каде што за претставници се номинирани Марија Јосифовска како делегатка и Мартина Маркова како заменик делегатка,
- Одлука – номинација бр.09-591/11 од 06.08.2021 година од Здружение за културен, спортски и едукативен развој „Свет на промени" Валандово каде што за претставници се номинирани Марија Илиевска како делегатка и Драгана Гегова како заменик делегатка и
- Одлука – номинација бр.09-591/12 од 06.08.2021 година од Здружение „Младински Сојуз" Крушево каде што за претставници се номинирани Драгана Занова како делегатка и Софија Николова како заменик делегатка.

Врз основа на увидот во апликациите членовите на Иницијативниот одбор и Службеникот за млади утврдија дека истите, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, се поднесени од страна на овластени форми на младниско организирање и здружување и дека сите 5 (пет) одлуки – номинации на свои претставници во Локалното собрание на млади на Општина Валандово се уредни и со комплетна документација.

Ценејќи дека се исполнети сите пропишани услови, Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Валандово, предлага да се изберат делегати/ки и заменик делегати/ки на Локалното собрание на млади на Општина Валандово во кои ќе влезат сите номинирани кандидати од заинтересираните форми на младинско организирање и здружување и тоа:

- Софија Гетова, делегатка, номинирана од Здружение за климатска и социјална правда „Колектив Зет" Скопје,
- Гоги Тунгелов, заменик делегат, номиниран од Здружение за климатска и социјална правда „Колектив Зет" Скопје,
- Драган Митев, делегат, номиниран од Здружение „Еко Правда" Валандово,
- Бојан Николов, заменик делегат, номиниран од Здружение „Еко Правда" Валандово,
- Марија Јосифовска, делегатка, номинирана од Социјалдемократска младина на Македонија (СДММ),
- Мартина Маркова, заменик делегатка, номинирана од Социјалдемократска младина на Македонија (СДММ),
- Марија Илиевска, делегатка, номинирана од Здружение за културен, спортски и едукативен развој „Свет на промени" Валандово,
- Драгана Гегова, заменик делегатка, номинирана од Здружение за културен, спортски и едукативен развој „Свет на промени" Валандово,
- Драгана Занова, делегатка, номинирана од Здружение „Младински Сојуз" Крушево и
- Софија Николова, заменик делегатка, номинирана од Здружение „Младински Сојуз" Крушево.

Да се достави до
- Градоначалник на Општина Валандово
- Архива

**Иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Валандово**

Софија Гетова – Колектив Зет

Драган Митев – Еко Правда

Марија Илиевска – Свет на промени

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО